Општина Неготино ги информира земјоделците дека на 13 и 14 март (среда и четврток) со почеток од 10,00 часот во големата сала на локалната самоуправа ќе се одржат информативни денови кои се одржуваат во рамките на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина“. Поканата е отворена и важи за сите заинтересирани земјоделци од нашата општина. Целта на информативните денови е да се презентира состојбата со животната средина и управувањето со водните ресурси во општина Неготино со осврт на влијанијата брз квалитетот на водата и животната средина од вршење земјоделски активности и примена на заштитни средства, како и примена на добри практики за наводнување на полињата и употреба на заштитни средства за културите со цел поттикнување на органското производство.   П О К А Н А   А Г Е Н Д А